**Г Р А Д  С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**
ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за планирање и уредување на простор**
ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**
ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор**

# ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА

за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема и одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор на подрачјето на Град Скопје

**Скопје, март 2023 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија", бр.05/02) и член 80 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12. 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.244/19, 18/20 и 279/20), а во врска со член 8 став 2 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија" бр.16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.77/21, 215/21 и 295/21), член 12 став 3 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 17/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20), член 8 став 3 од Законот за занаетчиство („Службен весник на Република Македонија" бр.215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.215/21) и член 3 став 1 од Законот за комуналните такси („Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21) Советот на Град Скопје на _________ седницата одржана на __________ 2023 година, донесе

**ОДЛУКА**

за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема и одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор на подрачјето на Град Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за поставување на урбана опрема и се уредуваат условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема на јавни површини и одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор на подрачјето на градот Скопје.

***Потреба од поставување урбана опрема***

**Член 2**

Потребата за поставување на урбана опрема, во смисла на оваа Одлука, се смета за утврдена во следните случаи на:

- исполнетост на општите и посебните стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на градот Скопје утврдени со актите на градот Скопје,
- исполнетост на условите, начинот и постапката утврдени во оваа Одлука и

- доколку поставувањето е во согласност со одредбите на законите и прописите донесени врз основа на закон во поглед на вршењето на дејност надвор од деловниот простор.

***Издавање одобрение за поставување урбана опрема***

**Член 3**

(1) Поставување на урбана опрема се врши врз основа на одобрение за поставување на урбана опрема.

(2) Одобрение за поставување на урбана опрема се издава за поставување комунална, монтажно-демонтажна, рекламно-информативна и комерцијално-угостителска урбана опрема.

(3) Одобрението од став (1) на овој член го издава градоначалникот на Град Скопје ако поставувањето се врши на јавни површини за чие одржување е надлежен градот Скопје.

(4) Одобрение за поставување урбана опрема од став (1) на овој член го издава градоначалникот на општината од подрачјето на градот Скопје, ако поставувањето се врши на јавни површини за чие одржување се надлежни општините од подрачјето на градот Скопје, при што одобрението се издава по претходно добиена согласност од градоначалникот на Градот Скопје.

(5) Одобрението за поставување на урбана опрема на јавни површини за чие одржување се надлежни општините од подрачјето на градот Скопје, може да го издаде градоначалникот на градот Скопје, доколку за тоа биде овластен од соодветната општина, за што се склучува договор меѓу Град Скопје и општината, во согласност со Законот за меѓуопштинска соработка.

(6) Одобрението за поставување на урбана опрема на јавни површини за чие одржување е надлежен Градот Скопје може да го издаде градоначалникот на општината од подрачјето на градот Скопје, доколку за тоа биде овластен од Градот Скопје, за што се склучува договор меѓу Град Скопје и општината од подрачјето на градот Скопје, во согласност со Законот за меѓуопштинска соработка.

***Издавање одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор***

**Член 4**

(1) Вршењето дејност надвор од деловен простор се врши врз основа на одобрение за вршење на дејност.

(2) Одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор се издава за вршење на угостителска, трговска или занаетчиска дејност.

(3) Одобрението од став (1) на овој член го издава градоначалникот на Град Скопје за вршење дејност надвор од деловен простор на површини на подрачјето на градот Скопје.

(4) Одобрението од став (1) на овој член може да го издава градоначалникот на општината од подрачјето на градот Скопје доколку за тоа биде овластен од Градот Скопје, за што се склучува договор меѓу Град Скопје и општината, во согласност со Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 5**

(1) Одобрението за поставување на урбана опрема на јавна површина пред деловен простор може да се издаде само ако за користење на просторот претходно е издадено одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор.

(2) Издаденото одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор од страна на градоначалникот на Градот Скопје воедно значи и дадена согласност за поставување на урбана опрема во границите на определена јавна површина, во случаи кога одобрението за поставување на урбана опрема го издава градоначалникот на општината од подрачјето на градот Скопје.

(3) Кога просторот пред деловната просторија за кој се бара да се врши дејност надвор од деловен простор се наоѓа на земјиште во приватна сопственост, потребно е само одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор.

(4) Во случај на промена на носителот на сопственоста на земјиштето за кое е издадено одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор, одобрението од став (3) на овој член, престанува да важи.

**Член 6**

(1) Во случај на постоење на два или повеќе деловни простори, за кои поради нивната местоположба може да се врши дејност на ист дел од јавната површина, одобрение за поставување на урбана опрема и одобрение за вршење дејност надвор од деловниот простор, се издава на барателот кој покрај тоа што ги исполнува условите предвидени во одредбите на оваа Одлука, ќе достави и согласност од субјектот-сопственик на останатите деловни простории.

(2) Во случаите од став (1) на овој член доколку барателите за вршење дејност надвор од деловниот простор кои сакаат да постават урбана опрема на ист дел од јавната површина, постигнат согласност за начинот на распределба за користење на тој дел од јавната површина и доколку ги исполнуваат другите услови предвидени во одредбите од оваа Одлука, се издава одобрение за поставување на урбана опрема и одобрение за вршење дејност надвор од деловниот простор, согласно постигнатата согласност на барателите.

(4) Писмената согласност од став (2) на овој член мора да биде заверена на нотар.

**Член 7**

Јавната површина на која се однесува издаденото одобрение за поставување на урбана опрема и одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор, имателот на одобренијата не може да ја издаде или пренесе на користење во

закуп или подзакуп на друго лице со договор за деловно-техничка соработка, ниту со било кој друг правен акт.

**Член 8**

Градот Скопје го задржува правото при реализација на планови и програми на Градот или на општините во градот Скопје на имателот на одобрението за поставување на урбана опрема и одобрението за вршење дејност надвор од деловен простор да му наложи дислокација на урбаната опрема или во целост да го одземе издаденото одобрение.

**Член 9**

(1) Времетраењето на одобрението за поставување на урбана опрема може да биде:

- **дневно** за време од 24 часа и краткотрајно за период до 30 дена, за урбана опрема за настани и манифестации,
- **сезонско,** за периодот од 15 април до 15 октомври во тековната година, за комерцијално-угостителска урбана опрема.
- **годишно,** за период од 1 година од денот, сметано на издаденото одобрение за поставуање на комерцијално-угостителска и рекламно-информативна урбана опрема за сопствени потреби.
- **повеќегодишно**, но најмногу за период до 15 години, за рекламно-информативна урбана опрема за комерцијално користење и за комунална урбана опрема.

(2) Времетраењето на одобрението за вршење дејност надвор од деловен простор може да биде годишно, за период од 1 година, сметано од денот на издаденото одобрение за поставување на комерцијално-угостителска или сезонски, за периодот од 15 април до 15 октомври во тековната година, за кога важи издаденото одобрение за поставување на комерцијално-угостителска опрема .

## II. ПОСТАПКА ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

***Барање***

**Член 10**

(1) Постапка за добивање на одобрение за поставување на урбана опрема може да покрене секое физичко или правно лице што има намера да постави урбана опрема на јавна површина (во натамошниот текст: барател), со поднесување на барање (утврден формулар).

(2) Барателот со барањето изјавува дека е согласен личните податоци наведени во барањето да се користат за потребите на Град Скопје за спроведување на постапката како и дека е согласен сите известувања при спроведување на постапката да се вршат со испраќање на документи преку електронски средства наведени во барањето.

(3) Барателот, согласно член 9 од оваа Одлука, во барањето го наведува времетраењето за кое бара добивање на одобрение за поставување на урбана опрема.

(4) Барање за добивање на годишно одобрение за поставување на комерцијално-угостителска урбана опрема и рекламно-информативна урбана опрема за сопствени потреби, барателот поднесува најдоцна два месеци пред истекот на рокот за важност на претходно издаденото одобрение.

(5) Барање за добивање на сезонско одобрение за поставување комерцијално-угостителска урбана опрема, за периодот од 15 април до 15 октомври во тековната година, барателот поднесува најдоцна до 1 февруари, во тековната година.

**Член 11**

За добивање на одобрение за поставување на урбана опрема, барателот поднесува барање до градоначалникот на Град Скопје, односно до градоначалникот на општината во Градот Скопје, во согласност со член 3 на оваа Одлука.

***Прилози кон барањето за издавање на одобрение за поставување на комунална, монтажно-демонтажна и рекламно-информативна урбана опрема***

**Член 12**

(1) Барателот со барањето за одобрение за поставување на комунална, монтажно-демонтажна и рекламно-информативна урбана опрема, задолжително доставува:

1. Извод од соодветен регистар каде што е регистриран барателот, не постар од 6 месеци.
2. Елаборат за поставување на урбана опрема со следната содржина:
   - назив и седиште на барателот,
   - регистрација на дејност, лиценца и овластување од одговорна проектантска куќа и одговорниот проектант,
   - технички опис,
   - графички прилог од ДУП за предметниот локалитет или микро-локациски услови во размер 1:1000,
   - детални цртежи со опис на постојната состојба и околниот простор со околните објекти и елементи на комунална опрема и инфраструктура (ситуација 1:500 или 1:200),
   - детални цртежи со опис на новата состојба и околниот простор со околните објекти и елементи на комунална опрема и инфраструктура (ситуација 1:500 или 1:200, основи 1:200 или 1:100, пресеци 1:100 или 1:50 и детали 1:50 или 1:25).

(2) Елаборатите од став (1) од овој член се доставуваат во четири примероци, од кои по завршената постапка еден се враќа на барателот.

***Прилози кон барањето за одобрение за поставување урбана опрема за настани и манифестации***

**Член 13**

Барателот со барањето за одобрение за поставување на урбана опрема во функција на настани и манифестации, задолжително доставува:

- извод од соодветен регистар каде што е регистриран барателот не постар од 6 месеци,
- графички прилог од ДУП за предметниот локалитет или микро-локациски услови во размер 1:1000,
- детален цртеж со опис на новата состојба и околниот простор со околните објекти и елементи на комунална опрема и инфраструктура (ситуација 1:500 или 1:200).

**Член 14**

(1) Сите детални цртежи од членовите 12 и 13 од оваа Одлука треба да содржат приказ на регулациона линија, линија на градежна парцела, градежна линија и границите на катастарските парцели, приказ на постојните објекти кои се наоѓаат околу бараната површина, заедно со нивните влезови, излозите и други фасадни отвори, рампи и скали, како и велосипедските патеки, дрвјата, дрворедите, уличното осветлување, рекламните паноа, клупите, корпите за отпадоци, столбчињата, ПП апарати, хидрантите, електричните разводни табли и другите комунални уреди, односно објекти на комунална инфраструктура.

(2) Деталните цртежи со опис на новата состојба треба да ги содржат границите на површината на која се бара да се постави урбаната опрема и слободната проодна површина, како и пристапот за интервентни возила (пожарна, брза помош, полиција).

(3) Сите елементи прикажани на деталните цртежи мора да бидат котирани и прецизно исцртани.

**Член 15**

Издавањето на одобрение за поставување на комерцијално-угостителска урбана опрема во функција на вршење на угостителска, трговска или занаетчиска дејност надвор од деловен простор се издава во рамките на постапка за добивање на одобрение за вршење на дејност надвор од деловен простор.

***Постапка за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема***

**Член 16**

(1) Постапката по барањето за поставување на урбана опрема ја спроведуваат надлежни сектори во администрацијата на Градот Скопје.

(2) Доколку барањето со доставената документација за поставување на урбана опрема е некомплетено, надлежниот сектор во администрацијата на Градот Скопје, го известува барателот за истото и му определува рок од 15 дена во кој

треба да го комплетира во целост. Доколку барателот не постапи по известувањето во предвидениот рок, барањето се одбива со решение.

(3) Доколку од барањето со доставената документација за поставување на урбана опрема произлегува дека истото не е во согласност со одредбите на законите и прописите донесени врз основа на закон, општите и посебните стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на градот Скопје утврдени со актите на Градот Скопје, како и со одредбите на оваа Одлука, надлежниот сектор во администрацијата на Градот Скопје, го известува барателот за истото и му определува рок од 15 дена во кој треба барањето да го уреди во целост. Доколку барателот не постапи по известувањето во предвидениот рок, барањето се одбива со решение.

(4) Доколку адресата на деловниот простор пред кој се бара да се постави урбаната опрема не е точна, се известува барателот и му се определува рок од 5 дена во кој треба истото да го уреди во целост. Доколку барателот не постапи по известувањето во предвидениот рок, барањето се одбива со решение.

**Член 17**

(1) Доколку барањето со доставената документација е во согласност со одредбите на законите и прописите донесени врз основа на закон, општите и посебните стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на градот Скопје утврдени со актите на Градот Скопје и со одредбите на оваа Одлука, надлежниот сектор во администрацијата на Градот Скопје, ја утврдува висината на комуналната такса и надоместокот и до барателот доставува пресметка.

(2) Комуналната такса од став (1) на овој член се пресметува согласно Законот за комуналните такси, а надоместокот се пресметува согласно одлука на Советот на Град Скопје.

(3) Пресметките од став (1) на овој член се изготвуваат во рок од 30 дена од денот на приемот на комплетираното барање и се известува барателот дека е потребно истите да ги подигне во рок од 15 дена од денот на известувањето и дека е должен истите да ги плати во рок од 15 дена од денот на нивниот прием.

(4) На барање на барателот, пресметките може да му бидат доставени и по електронски пат, што ќе се смета за уредна достава.

(5) Пресметаниот износ на комуналната такса се плаќа:
- во висина од 100% на Градот Скопје или на општината во зависност од надлежноста за површината на која се поставува урбаната опрема, доколку не е дадено овластување и не е склучен договор од член 3 на оваа Одлука.
- во висина од 50% на Градот Скопје и 50% на општината на чие подрачје е површината што се користи, во случај на дадено овластување и склучен договор од член 3 на оваа Одлука.

(6) Пресметаниот износ на надоместокот се плаќа во висина од 100% на Градот Скопје. Висината на надоместокот е утврдена со актите на Градот Скопје донесени врз основа на закон.

(7) Доколку барателот не ги подигне или не ги плати пресметките во рокот од став (3) на овој член, ќе се смета дека го повлекол своето барање за добивање одобрение за поставување на урбана опрема и барањето ќе се одбие со решение.

**Член 18**

По регулирањето на плаќањето на комуналната такса и надоместокот од член 17 на оваа Одлука, градоначалникот издава одобрение за поставување на урбана опрема во рок од 5 дена за што барателот се известува дека е потребно да го подигне одобрението за поставување на урбана опрема.

***Содржина на Одобрението за поставување на урбана опрема***

**Член 19**

Одобрението за поставување на урбана опрема содржи особено:
- назив и седиште на барателот,
- услови за поставување на урбана опрема, начинот на уредување и користење на површината,
- границите и површината на локацијата, односно на јавната површина на која ќе се постави урбана опрема,
- износот на наплатената комунална такса согласно Законот за комуналните такси,
- износот на наплатениот надоместок,
- времетраењето на одобрението за поставување на урбана опрема,
- услови за престанок на важењето на одобрението пред истекот на рокот за кој е издадено.

***Одбивање на барањето за добивање на одобрение за поставување на урбана опрема***

**Член 20**

Барањето за добивање на одобрение за поставување на урбана опрема ќе биде одбиено со решение доколку:
- барањето од член 10 став (1) и документација од член 16 став (2) и (3) на оваа Одлука се некомплетни или не е во согласност со одредбите на законите и прописите донесени врз основа на закон, општите и посебните стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на градот Скопје утврдени со актите на Градот Скопје, како и со одредбите на оваа Одлука, во смисла и на начин утврден со член 16 став (3) на оваа Одлука,
- елборатот од член 12 став (1) на оваа Одлука не е изработен во согласност со одредбите на оваа Одлука, законите и прописите донесени врз основа на закон, во смисла и на начин утврден со член 16 став (3) на оваа Одлука,
- не е платена комуналната такса и надоместокот, во рокот определен во член 17 став (3) на оваа Одлука.

***Престанок на важење на одобрението за поставување на урбана опрема***

**Член 21**

(1) Одобрението за поставување на урбана опрема може да престане да важи и пред истекот на времето за кое е издадено доколку:

1. Урбаната опрема е поставена спротивно на издаденото одобрение за нејзино поставување, утврдено со акти на надлежни инспекции издадени во вршењето на инспекциски работи во рамките на нивните овластувања, и тоа од:
   - овластените градежни инспектори на општините во градот Скопје;
   - комунални инспектори на Град Скопје и општините во градот Скопје, во рамките на нивните законски овластувања и
   - други органи и инспекциски служби во рамките на нивните надлежности и овластувања.
2. Престане важењето на одобрението за вршење на дејност надвор од деловен простор,
3. При реализација на планови и програми на Град Скопје или општините во градот Скопје, согласно член 8 на оваа Одлука, како и при спроведување на други надлежности на Град Скопје кога има потреба од тоа.

(2) Доколку одобрението за поставување на урбана опрема престане да важи пред истекот на времето за кое е издадено, во случај на став (1) точка 1 од овој член, уплатените средства по основ на комуналната такса и надоместок не се враќаат.

***Поништување на одобрение за поставување на урбана опрема***

**Член 22**

(1) Доколку Град Скопје утврди дека одобрението за поставување на урбана опрема е издадено врз основа на неточни податоци, или документи со невистинита содржина, издаденото одобрение ќе го поништи.

(2) Во случајот на став (1) на овој член наплатената комунална такса или надоместок не се враќа.

## III. ПОСТАПКА ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ НАДВОР ОД ДЕЛОВЕН ПРОСТОР

**Член 23**

(1) Постапка за добивање на одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор, може да покрене секое физичко или правно лице што има намера да врши угостителска, трговска или занаетчиска дејност надвор од деловен простор (во натамошниот текст: барател), со поднесување барање (утврден формулар).

(2) Барателот со барањето изјавува дека е согласен личните податоци наведени во барањето да се користат за потребите на Град Скопје за спроведување на постапката како и дека е согласен сите известувања при спроведување на постапката да се вршат со испраќање на документи преку електронски средства наведени во барањето.

(3) Барателот во барањето го наведува времетраењето за кое бара добивање на одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор.

(4) Барателот може да поднесе ново барање за добивање на годишно одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор, најдоцна два месеци пред истекот на рокот за важност на претходно издаденото одобрение.

(5) Барателот може да поднесе ново барање за добивање на сезонско одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор, за периодот од 15 април до 15 октомври, во тековната година, најдоцна до 1 февруари, во тековната година.

(6) За барателите кои првпат поднесуваат барање за добивање на одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор, не важат роковите од став (4) и (5) на овој член.

**Член 24**

За добивање на одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор, Барателот поднесува барање до градоначалникот на Град Скопје, односно до градоначалникот на општината во градот Скопје, доколку е склучен договор во смисла на член 4 став (4) на оваа Одлука.

**Член 25**

Поднесеното Барање за вршење на дејност надвор од деловен простор се смета и за поднесено барање за поставување на комерцијално-угостителска урбана опрема.

**Член 26**

(1) Барателот кон барањето за добивање на одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор и поставување на комерцијално-угостителска урбана опрема задолжително доставува:

1. Извод од соодветен регистар каде што е регистриран барателот не постар од 6 месеци;
2. Потврда за исполнување на минимално - технички услови за вршење на дејност;
3. Имотен лист за просторот во кој се врши дејноста и договор за закуп заверен на нотар;
4. Имотен лист за земјиштето (не постар од 6 месеци) и копија од катастарски план за јавната површина за која се бара вршење дејност надвор од деловен простор;
5. Елаборат за поставување на урбана опрема со следната содржина:
   - назив и седиште на барателот,
   - регистрација на дејност, лиценца и овластување од одговорна проектантска куќа и одговорниот проектант,
   - технички опис,
   - извод од ДУП за предметниот локалитет или микро-локациски услови во размер 1:1000,
   - детални цртежи со опис на постојната состојба и околниот простор со околните објекти и елементи на комунална опрема и инфраструктура (ситуација 1:500 и 1:200),

- детални цртежи со опис на новата состојба и околниот простор со околните објекти и елементи на комунална опрема и инфраструктура (ситуација 1:500 и 1:200, основи 1:100 и пресеци 1:100 или 1:50).

(2) Барателот кон барањето за добивање на одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор и поставување на комерцијално-угостителска урбана опрема на површина во приватна сопственост покрај прилозите од став (1) на овој член задолжително доставува:

- имотен лист за земјиштето или недвижноста (не постар од 6 месеци) и копија од катастарски план;
- согласност за користење на земјиштето или на недвижноста од мнозинството сопственици, здружението на сопственици на деловен простор, куќниот совет, заедницата на станари или станбениот управител (заверена на нотар).

(3) Елаборатот од став (1) точка 1 од овој член се доставува во четири примероци, од кои по завршената постапка еден се враќа на барателот.

**Член 27**

(1) Сите детални цртежи од член 26 на оваа Одлука треба да содржат приказ на регулациона линија, линија на градежна парцела, градежна линија и границите на катастарските парцели, приказ на постојните објекти кои се наоѓаат околу бараната површина, заедно со нивните влезови, излозите и други фасадни отвори, рампи и скали, како и велосипедските патеки, дрвјата, дрворедите, уличното осветлување, рекламните паноа, клупите, корпите за отпадоци, столбчињата, ПП апарати, хидрантите, електричните разводни табли и другите комунални уреди и објекти на комунална инфраструктура.

(2) Деталните цртежи со опис на новата состојба треба да ги содржат границите на површината на која се бара да се постави урбаната опрема и слободната проодна површина, како и пристапот за интервентни возила (пожарна, брза помош, полиција).

(3) Сите елементи прикажани на деталните цртежи мора да бидат котирани и прецизно исцртани.

**Член 28**

Постапката по барањето за вршење дејност надвор од деловен простор и поставување на комерцијано-угостителска урбана опрема во функција на вршење на угостителска, трговска или занаетчиска дејност, ја спроведуваат надлежните сектори во администрацијата на Град Скопје, односно општината во градот Скопје, согласно одредбите за спроведување на постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема, утврдена во членовите 16, 17 и 18 од оваа Одлука.

**Член 29**

По регулирањето на плаќањето на комуналната такса од член 17 на оваа Одлука, градоначалникот издава одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор и одобрение за поставување на комерцијално-угостителска

урбана опрема, во рок од 5 дена за што се известува барателот дека е потребно истите да ги подигне.

### *Содржина на одобрението за вршење на дејност надвор од деловниот простор*

**Член 30**

Одобрението за вршење на дејност надвор од деловниот простор содржи особено:

- назив и седиште на барателот;
- дејноста што ќе се врши надвор од деловниот простор;
- границите и површината на локацијата, односно на јавната површина на која ќе се врши дејноста надвор од деловениот простор;
- времетраењето на одобрението кое се издава;
- начинот на уредување и користење на површината на која ќе се врши дејноста;
- услови за престанок на важењето на одобрението пред истекот на рокот за кој е издадено.

### *Одбивање на барањето за добивање на одобрение за вршење дејност*

**Член 31**

Барањето за добивање на одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор и поставување на комерцијално-угостителска урбана опрема ќе биде одбиено со решение доколку:

- барањето од член 23 и документација од член 26 на оваа Одлука се некомплетни или неуредени, во смисла и на начин утврден со член 16 став (2) и (3) на оваа Одлука,
- елборатот од член 26 на оваа Одлука не е изработен во согласност со одредбите на оваа Одлука, законите и прописите донесени врз основа на закон, во смисла и на начин утврден со член 16 став (2) и (3) на оваа Одлука,
- не е платена комуналната такса и надоместокот, во рокот определен во член 17 став (3) на оваа Одлука.

### *Престанок на важност на одобрението*

**Член 32**

(1) Одобрението за вршење дејност надвор од деловен простор и одобрението за поставување на комерцијално - угостителска урбана опрема може да престанат да важат и пред истекот на времето за кое се дадени доколку:

1. Урбаната опрема е поставена спротивно на издаденото одобрение за нејзино поставување, утврдено со акти на надлежни инспекции, издадени во вршењето на инспекциски работи во рамките на нивните овластувања и тоа од:

- овластените градежни инспектори на општините во градот Скопје,
- комунални инспектори на Градот и општините во градот Скопје, во рамките на нивните законски овластувања, и
- други органи и инспекциски служби во рамките на нивните надлежности и овластувања.

2. Престане важењето на одобрението за вршење дејност надвор од деловен простор;
3. Имателот на одобрението престане со вршење на угостителска, трговска или занаетчиска дејност во случаите предвидени со закон;
4. Настане промена на носителот на сопственоста на земјиштето за кое е издадено одобрение за вршење на дејност пред деловен простор, согласно член 5 став (4) на оваа Одлука;
5. При реализација на планови и програми на Град Скопје или општините во градот Скопје, согласно член 8 на оваа Одлука, како и при спроведување на други надлежности на Град Скопје кога има потреба од тоа.

(2) Доколку одобрението за вршење дејност надвор од деловен простор и одобрението за поставување на комерцијално - угостителска урбана опрема престанат да важат пред истекот на времето за кое се издадени, согласно став (1) точка 1 и 3 од овој член, уплатените средства по основ на комуналната такса не се враќаат.

***Поништување на одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор***

**Член 33**

(1) Доколку Град Скопје утврди дека одобрението за вршење дејност надвор од деловен простор е издадено врз основа на неточни податоци или документи со невистинита содржина, издаденото одобрение ќе го поништи.

(2) Во случајот на став (1) на овој член наплатената комунална такса или надоместок не се враќа.

## IV. НАДЗОР

**Член 34**

(1) Надзор над примената на оваа Одлука вршат надлежните сектори на градот Скопје.

(2) Инспекциски надзор над спроведувањето на оваа Одлука вршат овластените градежни инспектори на општините во градот Скопје и комунални инспектори на Град Скопје, во рамките на нивните законски овластувања, како и другите органи и инспекциски служби во рамките на нивните надлежности и овластувања.

**Член 35**

При спроведувањето на оваа Одлука соодветно ќе се почитуваат и применуваат одредбите за надзор и прекршочни санкции од Законот за градење, Законот за трговија, Законот за угостителската дејност, Законот за занаетчиство и Законот за комуналните такси.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 36**

(1) Градоначалникот на Град Скопје нема да издава нови одобренија за поставување на рекламно - информативна урбана опрема за сопствени потреби, на физички или правни лица, се додека не се донесе акт од Советот на Град Скопје за утврдување на микролокации за нејзиното поставување.

(2) Започнатите постапки за издавање на одобрение за поставување на рекламно - информативна урбана опрема за сопствени потреби, пред влегувањето во сила на оваа Одлука, ќе се спроведат во согласност со одредбите на Одлуката за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема и одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор на подрачјето на Град Скопје (Службен гласник на Град Скопје бр.15/18 и 1/19).

**Член 37**

Со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана орпема ("Службен гласник на Град Скопје" број 15/18 и 1/19).

**Член 38**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје"

Број _____________
___.___ 2023 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ

Трајко Славески

Образложение

Правен основ за донесување на предложената одлука е член 36 од Законот за локалната самоуправа каде е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје за донесување на одлуки од неговата надлежност. Во член 80 од Законот за градење е предвидено дека потребата за поставување на урбана опрема ја утврдува советот на општината, советите на општините во градот Скопје и Советот на градот Скопје. Во одредбите од член 8 став 2 и член 16 од Законот за трговија е наведено дека трговија на мало и давање услуги во трговијата може да се врши пред продавниците, односно деловни простори со одобрение донесено врз основа на одлука на советот на општината, односно на Градот Скопје и трговија на стоки во киосци, автомати и продажба од подвижни улични продавачи може да се врши само на места определени со одлука на советот на општината, односно на Градот Скопје. Во член 12 став 3 и член 41 став 2 од Законот за угостителската дејност е предвидено дека угостителската дејност може да се врши и надвор од деловниот објект на простор наменет, уреден и опремен за давање угостителски услуги, врз основа на одобрението издадено од градоначалникот на општината, а во градот Скопје од градоначалникот на градот Скопје како и дека давањето конфекционирани угостителски услуги може да се врши на места определени од градоначалникот на општината, а во градот Скопје од градоначалникот на градот Скопје на саеми, панаѓури и други манифестации. Одредбата член 8 став 3 од Законот за занаетчиство предвидува дека вршителот на занаетчиска дејност може своите производи да ги продава во просториите во кои ја врши дејноста или на места определени за таа намена од Советот на општината или Советот на градот Скопје. Во член 3 став 1 од Законот за комуналните дејности е уредено плаќањето на комуналните такси за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност.

Основна надлежност од јавен интерес од локално значење на градот Скопје е планирањето и уредувањето на просторот. Предложената одлука се однесува на делот од уредувањето на Град Скопје кој го опфаќа поставувањето на урбаната опрема. Со оваа одлука конкретно се утврдува потребата за поставување на урбана опрема како и условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема и одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор.

За спроведување горенаведените надлежности на Градот, Советот на Град Скопје претходно ја донесе Одлуката за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема и одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор на подрачјето на Град Скопје (“Службен гласник на Град Скопје” бр.15/18 и 1/19) со која досега го уредуваше начинот и постапката на издавање на одобренија за поставување на урбана опрема и одобренија за вршење на дејност надвор од деловен простор.

Поради потребата да се создаде посеопфатна и попрецизна регулирана постапка за начинот на издавање на одобренијата за поставување на урбаната опрема и вршење на дејност надвор од деловниот простор, во рамките на која дополнително ќе се уредат сутуациите во кој издадените одобренија се поништуваат или престануваат да важат, во кои два или повеќе деловни субјекти можат да вршат дејност надвор од деловниот простор со поставување

на урбана опрема на иста површина, како и поради воведувањето на измени во времетраењето на одобрението за поставување на урбана опрема се предлага нова одлука. Со новата одлука со која освен претходно наведените ситуации дополнително ќе бидат уредени и други прашања, за кои при конкретна примена на постоечката одлука се создаваа правни дилеми, а кои не беа целосно уредени во дел од одредбите на истата.

Имено, во текстот на одредбата од член 3 став 4 на предложената одлука е извршена измена во однос на важечката одлука од причини што иако во Законот за градот Скопје, како надлежност на Градот е утврдено давањето согласност за поставување времени објекти, мебел и урбана опрема на подрачјето на градот Скопје, со предложената одредба само се конкретизира дека предметната согласност може да ја издаде само Градоначалникот на Град Скопје, како овластен орган да донесува поединечни акти од негова надлежност.

Во воведните одредби од одлуката кои го уредуваат прашањето за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема и вршење на дејноста надвор од деловен простор, во ситуации кога надлежниста за нивното издавање може да се отстапи од Градоначалникот на Градот Скопје на градоначалникот на општина во град Скопје и обратно, се предвидува да се врши со претходно донесување на Одлука за меѓуопштинска соработка врз основа на која ќе се склучи договор со која поделно ќе се уредат прашањата за отстапувањето на надлежностите.

Во членот 6 од предложената одлука како новина за прв пат подетално се уредува прашањето за начинот за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема или одобрение за вршење на дејност надвор од деловниот простор во случаите на постоење на два или повеќе деловни простори, за кои поради нивната местоположба може да се врши дејност на ист дел од јавната површина. На овој начин постапката за добивање на одобрението на конкретната јавна површина ќе биде уредена на начин на кој незадоволните баратели сега ќе можат поинаку да ја поделат јавната површина на која сакаат да постават урбана опрема или да дадат согласност за нејзиното поставување од друг субјект.

Во членот 9 на предложената одлука делумно се менува времетраењето на издадените одобренија за поставување на урбана опрема. На овој начин треба да се обезбеди поголема предвидливост во начинот на издавањето на одобренијата бидејќи однапред ќе се знае за која површина се бара да се постави горенаведениот вид на урбана опрема а инспекциските служби ќе можат полесно да ги детектираат локациите на кои може да се постави урбаната опрема спротивно на позитивните прописи.

Со горенаведената измена се предвидува и нов рок за поднесување на барањата за годишно одобрение за поставување на комерцијално-угостителска и рекламно-информативна урбана опрема за сопствени потреби односно рокот до кога ќе треба да се поднесат барањата е најдоцна два месеци пред истекот на рокот за важност на претходно издаденото одобрение. Поради воведување на овие рокови има измена и во роковите во кои надлежниот сектор во

администрацијата на Градот Скопје, постапува по поднесените барања а за оние барања кои ги исполнуват условите предвидени со одлуката ја утврдува висината на комуналната такса и надоместокот и до барателот доставува пресметка која се изготвува во рок од 30 дена од денот на приемот на комплетираното барање. Исто така, со доставените пресметки се известува барателот дека е потребно истите да ги подигне во рок од 15 дена од денот на известувањето и дека е должен да ги плати во рок од 15 дена од денот на нивниот прием.

Во член 16 став 2 и 3 се предвудува зголемување на рокот од 5 на 15 дена во кој барателот треба да го комплетира барањето или да го уреди во целост, бидејќи е отценето дека е поосодветно истиот да се зголеми.

Во членовите 22 и 33 од предложената одлука за првпат се уредува и можноста издадените одобренија (за поставување на урбана опрема и за вршење дејност надвор од деловен простор) да бидат поништени од страна на Градоначалникот на Град Скопје, во случаите кога недвосмислено ќе се утврди дека барателот во поднесеното барање доставил неточни податоци или документи со невистинита содржина.

Во преодните и завршните одредби на одлуката се предвидено дека издавањето на нови одобренија за поставување на рекламно - информативна урбана опрема, на физички или правни лица, ќе продолжи само откако Советот на Град Скопје ќе донесе донесе акт за утврдување на микролокации за нејзиното поставување. Во истиот член е уредено и прашањето за постапките за издавање на одобрениија кои се започнати врз основа на барањата кои се поднесени согласно одредбите на важечката одлука а за кои сеуште не е одлучено.

Текстот на предложената одлуката се надоврзува на одредбите од Одлуката за општите стандарди за поставување на урбана опрема и времени објекти, Правилникот за утврдување на посебни стандарди за поставување на урбана опрема и Правилникот за утврдување на посебни стандарди за поставување на времени објекти на подрачјето на градот Скопје и заедно со нив се создава можност подобро да се оформи урбаниот лик на градот. Крајна цел на одлуката е поставување на нови стандарди во сферата на поставувањето на урбаната опрема на јавните површини во главниот град, да се унапреди квалитетот на живеењето на скопјани.

Врз основа на предходно изнесеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената одлука.